СКОПЈЕ
Примено: 29.01.2018
Орг. Един. 08 | Број: 291/1 | Прилог: | Вредност:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Бр. 1409-263/5
17.01. 2018 година
Кеј Димитар Влахов, бр.4
II спрат, ,
Локал 203
1000 Скопје
тел.: (02) 3 220 509
факс: (02) 3 220 508

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/16, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5та седница одржана на 21. 12. 2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Социологија прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Социологија прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (8 семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **дипломиран социолог;**

Научно - истражувачко подрачје: 05 општествени науки
Научно – истражувачко поле: 5.11 социологија; 5.02 Демографија; 5.05 Образоивание; 5.13 статистика;
Научно – истражувачко област: 51100; 51101; 51102; 51103; 51104; 51105; 51106; 51107; 51108; 51109; 51110; 51111; 51112; 51113; 51123; 51125; 51120;

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет**(I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019;

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Бр. 1409-263/5
17.01. 2018 година
Кеј Димитар Влахов, бр.4
II спрат, ,
Локал 203
1000 Скопје
тел.: (02) 3 220 509
факс: (02) 3 220 508

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за социјални науки, на прв циклус студиските програми „Социјална работа и социјална политика, на 26. 09. 2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на својата 2 седница, на 19.10.2017 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 5та седница одржана на 21. 12. 2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски